**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РАБОТАТА НА**
**ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**ВО 2008 ГОДИНА**

**МАРТ, 2009**

## *СОДРЖИНА:*


| | | |
|---|---|---|
| | ВОВЕД | 5 |
| 1. | СТАТУС И УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА | 8 |
| 1.1. | *Статус* | 8 |
| 1.2. | *Надлежност* | 8 |
| 1.3. | *Капацитети на Државната комисија* | 9 |
| 1.3.1. | *Секретаријат на ДКСК* | 9 |
| 1.3.2. | *Буџет* | 10 |
| 1.3.3. | *Просторни услови* | 11 |
| 2. | АКТИВНОСТИ НА ДКСК ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЕВРО АТЛАНСКИТЕ СТРУКТУРИ | 11 |
| 3. | ОСТВАРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КОРУПЦИЈАТА | 13 |
| 4. | РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ | 14 |
| 4.1. | *Покренати иницијативи и поведени постапки* | 16 |
| 4.1.1. | *Покренати кривични иницијативи* | 16 |
| 4.1.2. | *Покренати иницијативи за утврдување одговорност* | 21 |
| 4.1.3. | *Барања за поведување прекршочни постапки* | 22 |
| 4.2 | *Согледувања за корупцијата низ постапувањето на ДКСК* | 22 |
| 4.3 | *Работа по предмети во врска со предвремените парламентарни избори 2008 година* | 23 |
| 5. | АНКЕТНИ ЛИСТОВИ ЗА ПРИЈАВА НА ИМОТНА СОСТОЈБА | 26 |
| 6. | ИЗВЕШТАЈ НА ДКСК ЗА РАБОТАТА, ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ | 29 |
| 6.1 | *Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси* | 31 |
| *6.2* | *Водич за управување со судир на интереси* | 32 |
| 6.2.1 | *Обуки* | 33 |
| 6.3 | *Работа по предмети од областа на судирот на интереси* | 33 |
| 7. | РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ | 37 |
| 7.1 | *Работа на нормативен план* | 37 |
| 7.2. | *Меѓуинституционална соработка* | 39 |
| 7.3. | *Регионална соработка* | 40 |
| 7.4 | *Меѓународна соработка* | 40 |
| 7.5 | *Соработка со меѓународни организации и институции во Република Македонија* | 42 |
| 7.6. | *Седници и односи со јавноста* | 43 |
| 8. | ПОСТАПУВАЊЕ ПО ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР | 43 |
| 9 | ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА | 44 |
| | ТАБЕЛИ | 45 |

**ВОВЕД:**

Почитувани,

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 49 од Законот за спречување на корупцијата и со член 21 од Законот за спречување судир на интереси овој Извештај за својата работа во 2008 година го поднесува до Собранието на Република Македонија и го доставува до Претседателот на Република Македонија, до Владата на Република Македонија и до медиумите.

Извештајот се однесува на втората година од мандатот на сегашниот состав на Државната комисија, односно на седмата година од нејзиното постоење, и во него отворено, веродостојно и објективно е прикажана севкупната работа на Државната комисија во остварувањето на нејзините комплексни законски надлежности што нуди увид и создава можност сите надлежни и заинтересирани органи, институции и поединци непосредно да добијат информации и да изградат свој став и уверување за вложените напори и квалитетот на сработеното на Државната комисија во 2008 година.

Минатата година, генерално гледано е карактеристична по евидентната преокупација на институциите во земјава, операционализирањето на изразената политичка волја за спречувањето на корупцијата како негативна и штетна општествена појава, да се остварува со посебен приоритет согласно со значењето што го има борбата против корупцијата во стратешките Евроатлански цели и интереси на Република Македонија. Се работи за година во која во Република Македонија е подигнат степенот на сензибилизираноста, перцепцијата и нетолеранцијата на корупцијата. Како потврда е индексот за перцепција на корупцијата на Транспаренси интернешнел кој Република Македонија ја рангира на 72-то место што значи подобро за 12 места во однос на 2007 година кога тој индекс ја постави на 84-то место во светот.

Оттаму, Државната комисија за спречување на корупцијата како специјализирана, самостојна и независна институција своите задачи на ова поле ги остварува во континуитет со посебна посветеност. За тоа сведочи високиот степен на доследност во реализирањето на главните приоритети за пристапување во ЕУ за 2008 година какви што се: донесувањето на Државната програма, Акцискиот план и Водичот за судир на интереси,

развивањето соработка меѓу сродни органи и тела, мрежното поврзување и конкретни резултати во примената на антикорупциското законодавство.

Со оглед на фактот што за ефикасно справување со корупцијата, што е по дефиниција колку внатрешен толку и меѓународен проблем, е неопходна конзистентна меѓуинституционална и меѓународна соработка, Државната комисија во 2008 година ја надмина претходната фаза и разви постојана соработка со сродни органи и тела  дома и на меѓународен план, што е особено делотворна меѓу петнаесет органи и институции во Република Македонија со надлежност на полето на корупцијата и судирот на интереси. Во 2008 година Државната комисија промовира регионална соработка и со полн капацитет на специјализирана институција на земја потписник на Конвенцијата на Обединетите нации за борба против корупцијата како член на Советот стана дел од Меѓународната асоцијација на антикорупциски власти IACCA.

2008 година, освен тоа, беше  и година во која се спроведоа вонредни парламентарни избори што подразбираше посветена работа и во остварувањето на нејзините законски надлежности во изборниот процес, изразена  колку преку постапување во конкретни случаи толку и во утврдувањето на правците за подобрување на законската регулатива што се однесува на заштита на изборниот процес од корупција.

Државната комисија на превентивен и репресивен план  во својата работа и постапување пристапува легалистички како при учеството во подобрувањето на нормативниот и институционалниот амбиент и капацитет на земјава - што е соодветно на водењето стратешка антикорупциска политика на долг рок, така и во конкретното постапување по индицирани случаи на корупција и судир на интереси. Процесните надлежности на Државната комисија се непосредни во прекршочните постапки, а посредни односно иницијални  во сите други постапки за утврдување кривична и други видови на одговорност и согласно со тоа Државната комисија во 2008 година го заврши постапувањето  по вкупно  713 предмети и тоа:

- корупција 567 предмети; примени претставки  767;
- судир на интереси 29 предмети; работеше по 44 предмети;
- изборни предмети 117;

Овие податоци го илустрираат обемот и ажурноста во решавањето на приливот на предмети од нејзината севкупна надлежност. Истовремено како потврда на надлежното постапување на Државната комисија се следниве податоци:

- прими 357 анкетни листови;
- поведе 33 прекршочни постапки за анкетни листови;
- иницира 19 постапки за испитување имотна состојба до Управата за јавни приходи;
- поднесе 27 иницијативи за кривично гонење до Јавното обвинителство;
- поведе 2 прекршочни постапки до судот;и
- покрена 4 иницијативи за утврдување одговорност.

Понудениот Извештај го елаборира по подрачјата на надлежност работењето на Државната комисија, нејзините согледувања, и констатации, постапките и обезбедените повратни информации од други органи и институции на кои им се има обраќано овозможувајќи со тоа градење комплетен увид во нејзината работа во 2008 година и како илустрација на состојбата и борбата против корупцијата во Република Македонија.

Со почит,

Мирјана Димовска Претседател
Зоран Додевски член
Мане Колев член
Цветко Мојсоски член
Љубинка Муратовска Маркова член
Ариф Муса член
Иљми Селами член

# 1. СТАТУС И УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

## 1.1. Статус

Државната комисија за спречување на корупцијата во Република Македонија (во натамошниот текст ДКСК) е формирана врз основа на Законот за спречување на корупцијата, донесен во април 2002 година („Службен весник на РМ", бр. 28 од 2002 година), со цел примена на мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта и во вршењето на доверени јавни овластувања, на мерките за спречување на судирот на интереси, на мерките за спречување на корупцијата при вршење на работи од јавен интерес на правните лица сврзани со јавните овластувања како и на мерките и активностите за спречување на корупцијата во трговските друштва.

Државната комисија за спречување на корупцијата е самостојна и независна во извршувањето на работите определени со закон.

ДКСК е составена од 7 членови наименувани од Собранието на Република Македонија, по претходно спроведен јавен оглас, со мандат од пет години, без право на повторно наименување.

Членовите на ДКСК имаат статус на наименувани лица кои функцијата ја остваруваат напоредно со својот веќе заснован работен статус во други институции, односно немаат професионален статус на вработени во ДКСК и за својот ангажман имаат право на со закон утврден месечен надоместок.

За својата работа членовите на Државната комисија одговараат пред Собранието на Република Македонија.

Сегашниот, втор по ред состав на ДКСК, е наименуван на 29 јануари 2007 година.

## 1.2. Надлежност

Надлежностите на ДКСК се утврдени во Законот за спречување на корупцијата, Законот за спречување судир на интереси како и во Законот за лобирање во делот на надзорот врз лобирањето.

Според законски утврдените надлежности, ДКСК:

- донесува стратешки документи - Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план за реализација ;

- иницира и дава мислења по предлог закони кои се од значење за спречување на корупцијата ;

- покренува иницијативи пред надлежните органи за контрола на финансиско- материјалното работење на политичките партии, синдикатот, здруженијата на граѓани и фондации;

- покренува иницијативи за спроведување постапки за разрешување, распоредување или сменување, како и постапки за утврдување други мерки на одговорност на функционерите и одговорните лица што располагаат со државен капитал;

- покренува иницијативи за поведување постапки за кривично гонење на функционери и одговорни лица што располагаат со државен капитал;

- постапува по предмети од областа на судирот на интереси и иницира изрекување мерки на одговорност при утврден судир на интереси;

- ја евидентира и ја следи имотната состојба и промените во имотната состојба на функционерите и на одговорните лица што располагаат со државен капитал;

- врши надзор врз лобирањето и изрекува законски утврдени мерки ;

- подготвува Годишен извештај за својата работа и за превземените мерки и активности за спречување на корупцијата и за намалување на појавата на судир на интереси и го поднесува до Собранието на Република Македонија, а го доставува до Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и до медиумите;

- соработува со државни и меѓународни институции и тела на полето на спречувањето на корупцијата и намалувањето на појавата на судир на интереси;

- спроведува едукација на органите надлежни за откривање и гонење на корупцијата и за откривање судир на интереси;

- извршува други задачи, согласно со законите.

### 1.3. Капацитети на Државната комисија

#### *1.3.1. Секретаријат на ДКСК*

За вршење на стручните, административните и техничките работи на ДКСК се грижи Секретаријатот како стручна служба на ДКСК составен од државни службеници. Од почетокот на извештајната 2008 година, во Секретаријатот на ДКСК имаше поголем број на вработени во однос на 2007 година за 5 ново примени државни службеници. Кон крајот на годината, еден

советник и еден помлад соработник заминаа на работа во други институции, така што годината е завршена со вкупно 14 вработени.

Потребата од градење на капацитетите на Секретаријатот е утврдена во сите стратешки документи, што е од особена важност за максимално остварување на комплексните надлежности на ДКСК.

Постојниот состав на Секретаријатот постојано се надградува со стручни обуки за различни области. Стои потребата од доекипирање на тимот, особено во раководниот дел.

### *1.3.2. Буџет*

Средствата за извршување на функцијата на ДКСК се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија. ДКСК како независно тело има свој раздел во Буџетот на Република Македонија. Со донесувањето на Буџетот за 2008 година, ДКСК се издвои со посебна Програма *20 - спречување на корупција и судир на интереси*, со што се издвои од дотогашната тековна Владина програма *Г - јакнење на владеење на правото*, *потпрограма Г1 - борба против корупцијата*.

ДКСК 2008 година ја започна со Буџет од вкупно 20.485.000 денари, додека претходната 2007 година ја започна со 18.739.000 денари. Од Буџетот за 2008 година, 10.900.000 денари беа за остварување на функциите на ДКСК. Останатите 9.061.000 денари беа распределени за плати, наемнини и надоместоци, што е зголемување во однос на 2007 година наменето главно за петте нови вработувања. Целокупното работење на членовите на ДКСК вклучувајќи го и работењето врз разни проекти за соработка со други институции е платено исклучиво од законски утврдениот надоместок.

Во текот на март 2008 година е извршена пренамена на финансиските средства. Имено, откако ДКСК се пресели во новите простории на ул. „Даме Груев" бр.1 се увиде неопходноста од доопремување на истите. Согласно со мислењето на МВР од безбедносен аспект за примена на превентивно - техничка заштита на работните простории на ДКСК беше неопходна набавка на техничка опрема и изведување на градежни работи. Имајќи предвид дека средства за овие потреби објективно не можеа да бидат планирани со Буџетот за 2008 година, ДКСК побара и ѝ беше одобрена пренамена на дел од средствата во рамките на нејзиниот Буџет.

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2008 година ("Службен весник на РМ" бр.90/2008), во делот *40 –плати, наемнини и надоместоци на вработените*, Буџетот на ДКСК се зголеми од 20.485.000 на 22.424.000 денари односно за 9.45%.

Со Одлука на Собранието на РМ („Службен весник на РМ" бр.137/2008 година) за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите, Буџетот на ДКСК во ставките 401, 402 и 425 беше намален за 3.500.000 денари, по што истиот за 2008 година изнесуваше 18.924.000 денари. За споредба, во 2007 година Буџетот изнесуваше 21.719.000 денари од кои 2.980.000 денари наменски средства за реконструкција на новите работни простории на ДКСК. Реално произлегува дека буџетот наменет за ДКСК не се менува.

Спроведувајќи ги сите планирани и обемни активности, до крајот на 2008 година, ДКСК имаше вкупна реализација од 16.905.192 денари, односно

89.33% од одобрените средства со Буџетот за 2008 година што се проценува како исклучително совесно користење на средствата, а искористеноста од околу деведесет проценти значи соодветно квалитетно буџетско планирање.

### *1.3.3 Просторни услови*

Од почетокот на месец февруари 2008 година ДКСК работи во новите работни простории, што со одлука на Владата на Република Македонија и беа доделени во 2007 година. Со тоа се надмина еден од основните проблеми за нејзиното работење.

Согласно со планираните средства, во текот на годината се извршени и одредени набавки на канцелариска и друга опрема со што значително се подобрени условите за работа.

## 2. АКТИВНОСТИ НА ДКСК ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЕВРО АТЛАНСКИТЕ СТРУКТУРИ

Континуирано во овој извештаен период ДКСК активно учествуваше во сите активности на Република Македонија во подготовките за оценувачките мисии што ги спроведуваше Европската комисија во Република Македонија како кон земја кандидат за членство во Европската унија и тоа: во Партнерството за пристапување на Република Македонија во Европската унија, во подготовката на Годишната национална програма за членство во НАТО за периодот 2008-2009 година и во остварувањето на активностите од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА).

ДКСК е еден од субјектите чие постапување е непосредно набљудувано и кон кој се упатени конкретни задачи, како дел од политичките критериуми што требаше да бидат исполнети. Тие задачи се остварени исклучително ажурно и квалитетно, што е потврдено и со Извештајот на Европската комисија во 2008 година. ДКСК успешно го исполни својот дел од дополнително зададените осум приоритети од Партнерството за пристапување во Европската унија - Клучни приоритети од Партнерството за пристапување.

Тоа значи дека целосно ги реализираше планираните мерки и активности од *“Приоритетот V - Да се остварат континуирани резултати за спроведување на законодавството од областа на антикорупцијата”* односно:

- вршеше компилација на извештаите на надлежните институции за конкретните резултати во соработката во случаи поврзани со корупција и подготвуваше информации за статусот на случаи поврзани со корупција;
- ја донесе Програмата за превенција и намалување на појавата на судир на интереси;
- со УЈП усвои и воспостави критериуми за начинот на определување анкетните листови што ќе бидат предмет на проверка.

Со еднаква посветеност ДКСК учествуваше во подготовките за Оценувачката мисија на Европската комисија за визната либерализација што се одвиваа од октомври до декември 2008 година. За таа цел ги ажурираше сите активности, што значи:

- во месец мај ја донесе Програмата за превенција и намалување на појавата на судир на интереси;
- ја оствари првата задача од Акцискиот план за нејзиното остварување изработувајќи Водич за управување со судирот на интереси;
- спроведе обуки со службени лица-судии и обвинители во сите апелациони подрачја во земјата;
- презеде мерки за зајакнување на капацитетот на ДКСК реализирајки интерна обука со странска експертска помош за односи со јавноста;
- утврди Насоки за стратешки план за односи со јавноста;
- целосно ја реализира обврската за мрежно поврзување на базите на податоци со Управата за јавни приходи во функција на увид во податоците од анкетните листови.

Воедно, навремено доставувајќи ги бараните информации за реализација на активностите, целосно одговори на барањата во врска со подготовката на Годишната национална програма за членство во НАТО за периодот 2008-2009 година. И во ГНП целосно е прикажана реализацијата на обврските на ДКСК што произлегуваат од документите за приоритетите и визната либерализација.

Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), освен веќе посочените прашања содржи и обврска за зајакнување на соработката и координацијата на надлежните органи за борба против корупцијата во што ДКСК оствари значаен чекор. ДКСК како иницијатор и движечка сила на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси, потпишан во 2007 година, ја воспостави и ја подигна соработката на 12 институции на забележително ниво што подразбира дневна комуникација, брзо и навремено доставување информации и водење заеднички активности. Зајакнувањето на соработката се манифестираше и со фактот што на иницијативата на ДКСК кон Протоколот се приклучија уште три институции што имаат надлежност на полето на корупцијата и судирот на интереси со што институциите соработнички врз основа на овој Протокол се вкупно 15.

Сите наведени активности на ДКСК во остварувањето на обврските на Република Македонија за зачленување во Евроатланските структури беа реализирани со континуирано учество на сите подготвителни состаноци во организација на Секретаријатот за европски прашања, Министерството за правда и Министерството за надворешни работи. Напоредно со таквата партиципација, во Државната комисија, на нивно барање, се оствари средби со претставници на меѓународните институции и организации како што се Канцеларијата на Европската Комисија во Република Македонија, СИДА, СИГМА и службите на НАТО.

# 3. ОСТВАРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КОРУПЦИЈАТА

Остварувајки ја првата од своите законски надлежности, во мај 2007 година, ДКСК донесе Државна програма за превенција и репресија на корупцијата (во натамошниот текст: Државна програма) со Акционен план за нејзина реализација што се однесува на периодот 2007-2011 година. Треба да се напомене дека Владата на Република Македонија ги презеде активностите од Државната програма и утврди свој Акционен план за реализација на активностите од нејзин домен и дека за остварувањето на активностите се планираат потребните средства во Буџетот на Република Македонија, што е потврда за изразената политичка волја за водење и реализирање активна и ефикасна борба против корупцијата, во што ДКСК има носечка и водечка улога. Во согледувањето на состојбите со корупцијата и на причините за неа, како и во предлагањето натамошни мерки и активности, беа вклучени околу 200 органи и институции кои со експертска помош овозможија ДКСК да го структуира овој стратешки документ како континуиран систем на остварување на задачите и сервисирање од нивна страна на процесот на следење на реализацијата на Државната програма.

Државната програма е структуирана во шест столбови на системот на национален интегритет, во кои се согледани вкупно 34 проблеми за чие надминување се дефинирани 140 активности од кои 98 активности се краткорочни, со рок на реализација од 1 до 2 години.

Степенот на реализација меѓу планираните и остварените активности е:

- **Политички систем, Собрание и политички партии** – предвидени 16, целосно и делумно реализирани 6 активности
- **Правосудство** – предвидени 20, целосно и делумно реализирани 12 активности
- **Јавна администрација и локална самоуправа** - предвидени 20, целосно и делумно реализирани 11 активности
- **Органи за спроведување на законот** - предвидени 17, целосно и делумно реализирани 17 активности
- **Економски финансиски систем и приватен сектор** - предвидени 11, целосно и делумно реализирани 9 активности
- **Граѓанско општество, медиуми и синдикати** - предвидени 14, ниту една активност целосно реализирана, делумно реализирани се 3 активности.

Со цел оценка на остварувањето на Државната програма во првата година на нејзината реализација, во јули 2008 година се одржа Годишна конференција на која се направи пресек на темпото и квалитетот на реализираните краткорочни активности утврдени во Државната програма.

Основна оценка е дека активностите се реализираат на задоволително ниво со различен интензитет во одделни столбови. Оние од нормативен карактер во економско-финансискиот систем што имаат влијание врз остварувањето на други задачи се одвиваат добро, што не е случај со таквите активности во политичкиот систем, при што изостанаа

планираните активности во шестиот столб што се однесува на граѓанското општество, медиумите и синдикатите. Оценка е исто така дека при остварувањето на активностите е понагласен формалниот пристап во споредба со суштинскиот, што е индикатор за остварување на суштинската антикорупциска смисла на некои од планираните потези.

Оценките и препораките од оценувачката конференција ДКСК ги упати до Собранието, Владата, министерствата и сите вклучени институции со цел поттикнување на реализацијата на краткорочните активности во предвидените рокови и насоки. ДКСК во таа насока ги упати следните препораки**:**

1. Во втората година од краткорочниот период институциите со посебен интензитет да пристапат кон реализација на преостанатите краткорочни активности. Тоа особено се однесува на нормативните активности во делот на политичкиот систем што имаат влијание врз реализацијата на другите задачи во Државната програмата;
2. Истовремено активностите од среден рок треба да се остваруваат со предвидената динамика со цел ажурирање на Државната програмата во целина;
3. Во содржината на новата легислатива да се запазат суштинските цели на активностите утврдени во Државната програма;
4. Во подготовката на легислативата доследно да се овозможи остварување на надлежноста на Државната комисија за учество при изработката на законите од нејзината област;
5. Да се постигне оптимална достава на информации од институциите вклучени во реализацијата на Државната програма со цел квалитетно следење и оценка на процесите;

ДКСК, која го набљудува целиот процес на остварувањето на Државната програма на секои шест месеци ги собира податоците од вклучените институции и истите ги обработува во рамките на системот на следење на релизацијата на активностите утврдени во Државната програма.Се покажува како натамошна потреба пристапување кон редефинирање на одделни активности од среднорочен и долгорочен карактер.

## 4. РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Значаен дел од својата работа ДКСК посветува на работа по предмети што се формираат по претставки од физички и правни лица и самоиницијативно од ДКСК врз сознанија по разни основи. Во постапките ДКСК, меѓу другото, користејќи го Упатството за обврзно доставување информации и документи на нејзино барање, донесено од Владата и Протоколот за соработка меѓу 15 надлежни институции, ги утврдува релевантните околности во случаите во кои постапува, притоа водејќи сметка за заштита на личниот идентитет на подносителите - соработници на правдата и настојувајќи до максимум да ги користи превентивните можности за решавање на случаите како и на закон заснованите директни и индиректни репресивни процесни надлежности.

Треба да се потенцира дека ДКСК подносителите чиј идентитет и е познат, редовно ги известува за своето постапување во конкретниот случај, со што гради однос на кредибилна институција во конкретното постапување против корупцијата. Впрочем, за тоа сведочи и бројот на поднесените претставки до ДКСК кој е во континуитет по неколку стотини на годишно ниво.

ДКСК во 2008 година прими 767 претставки. Ако се земе предвид фактот дека во 2007 година имаше 1114 претставки, а во претходните години тој број не поминуваше 600, евидентно е дека граѓаните и институциите покажуваат зголемена сензибилност за проблемот на корупцијата и немирење со опасноста и штетата од неа по виталните вредности на општеството, покажувајки нагласена мобилност и мотивираност за справување со неа.

Работејки во континуитети по предметите примени порано, во 2008 година ДКСК го заврши постапувањето по 567 предмети формирани по претставки и самоиницијативно, што споредено со претходниот извештаен период значи зголемена ажурност и ефикасност во постапувањето. Во овој контекст треба да се додаде фактот дека во 2008 година, ДКСК работеше по 44 предмети од областа на судирот на интереси како и по 117 предмети формирани за време на предвремените парламентарни избори што значи дека ДКСК во 2008 година постапи и заврши вкупно 713 предмети, што е рекорден број во нејзиното работење.

**Графички приказ на примени претставки и завршени предмети**




Во поглед на структурата на завршени предмети состојбата е следната: покренати се 31 иницијатива за одговорност од кои 27 се иницијативи до јавното обвинителство за поведување постапка за кривично гонење, а 4 се иницијативи за утврдување друг вид на одговорност до соодветни надлежни органи.

Покренати се 2 прекршочни постапки, во 29 случаи ДКСК оцени дека е надлежен друг орган, во 266 случаи по превземени дејстија констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување, додека во 231 случај е констатирана ненадлежност за постапување.

**Структура на завршени предмети**




Забележителен е големиот број на случаи во кои е утврдено дека ДКСК нема надлежност да постапува и тоа се претежно предмети од судска надлежност или пак предмети по кои постапуваат органите на управата во кои се третираат имотно - правни спорови на граѓаните и кои по ниту еден основ не можат да бидат предмет на постапување на ДКСК.

Во текот на извештајниот период ДКСК покрена 6 постапки за контрола на финансиското работење до Државниот завод за ревизија, до Управата за јавни приходи и до Министерството за финансии, а во повеќе наврати се обрати до надзорни и контролни органи во состав на министерствата за надлежно оценување на работата на службени лица во нивниот состав.

До државните институции и органи како и до органите на локалната самоуправа има испратено 368 дописи и ургенции со барање податоци, извештаи и други информации неопходни за утврдување на фактичката состојба и донесување соодветна одлука, а се добиени 281 одговори по нив. Протоколот за соработка меѓу 15 институции со надлежност на полето на корупцијата значително го подобри добивањето одговори, па сепак останува потребата дополнително да се развива оваа димензија од институционалната соработка. (прилог-ТАБЕЛА 1)

### 4.1. Покренати иницијативи и поведени постапки

#### 4.1.1. *Покренати кривични иницијативи*

Остварувајќи ја својата надлежност на репресивен план што се изразува преку покренување иницијативи и постапки за утврдување одговорност на избрани или наименувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, установи и други правни лица што располагаат со државен капитал ДКСК во 2008 година до Јавното обвинителство на РМ и до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција Скопје, поднесе 27 иницијативи за

поведување постапка за кривично (казнено) гонење, од кои 24 за кривичното дело ***Злоупотреба на службена положба и овластување,*** 2 за ***Злоупотреба и несовесно работење во службата*** и една за ***Несовесно работење во службата***.

За потребите на овој Извештај, во рамките на соработката со Јавното обвинителство, ДКСК обезбеди информации за текот на постапувањето по нејзините иницијативи до крајот на 2008 година.

Следува преглед на иницијативите и постапувањето:

1. ПРОТИВ: службени лица во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Општина Гази Баба, Државниот завод за геодетски работи, ЈП за стопанисување со пасишта, Министерството за економија и Министерството за животна средина и просторно планирање поради основано сомневање за незаконито користење и располагање на државно земјиште во вкупна површина од 449.20.97 ха, дадено под закуп на АД за производство и промет на земјоделски и сточарски производи "Факултетско земјоделско стопанство" с.Трубарево –Скопје, и против лицето Танас Трајковски, директор на АД "Факултетско земјоделско стопанство" с.Трубарево – Скопје и правното лице АД "Факултетско земјоделско стопанство" с.Трубарево – Скопје, со што се осомничени дека сториле кривично дело по член 218 и 230 од Кривичниот законик на РМ.

*ОЈО за гонење организиран криминал и корупција(ОЈО-ГОКК) Скопје извести дека постапката е во тек.*

2. ПРОТИВ: раководни службени лица во Одделението за катастар Струга, раководни службени лица во општинската администрација и Градоначалникот на општина Струга, поради сомневање за прибавување корист од градежно земјиште.

*ОЈО Струга извести дека нема основ за кривично правен прогон*

3. ПРОТИВ: градоначалникот на Општина Шуто Оризари Ердуан Исени, службени лица во таа општина и во Министерството за транспорт и врски кои вршат надзор, поради основи за сомневање дека овозможиле нелегална изградба на станбени објекти-семејни куќи во дворот на Основното училиште „ Браќа Рамиз и Хамид" Шуто Оризари-Скопје.

*Одговор на ЈО на РМ дека е отворен предмет*

4. ПРОТИВ: лицето Ердуан Исени, Градоначалник на општина Шуто Оризари, поради основи за сомневање за сторено дело Несовесно работење во службата, затоа што преку судир на интереси го наименувал за директор на основното училиште „Браќа Разми и Хамид„ Шуто Оризари - Скопје, својот татко.

*Известување од ОЈО Скопје дека пријавеното дело не се гони по службена должност и иницијативата е отфрлена.ДКСК по ова има побарано Јавниот обвинител на РМ да го преоцени предметот.*

5. Против Владо Коруноски - градоначалник на Кичево поради основано сомневање за незаконско и ненаменско трошење на средства и оневозможување на функциите на Општината .

*Заведен е предмет во ОЈО-ГОКК, отстапен на постапување на ОЈО Гостивар.*

6. ПРОТИВ: одговорни лица во ЈП "Македонски пошти" во врска со повеќе сторени разбојништва врз поштенските возила, во период од 5 години.

*Поради оценка на ОЈО-ГОКК дека нема место за јавно обвинителска акција ДКСК побара преоценка на предметот.ЈО на РМ извести дека постапката е во тек.*

7. ПРОТИВ: градоначалникот на Чаир Изет Меџити и на службени лица од Општината поради основано сомневање за незаконска реставрација-пренамена на објект од културното наследство спомен куќа на Јашар-бег во Скопје.

*ОЈО Скопје извести дека не е сторено дело што се гони по службена должност и дека не се превземени интервенции на објектот откако е ставен под привремена заштита. Со оглед на фактичката состојба ДКСК побара ЈО на РМ да го преоцени предметот.*

8. ПРОТИВ:Томе Лисичков - стечаен управник над ТП "ПРЕХРАНА" од Богданци, поради основано сомневање за злоупотреба и несовесно работење преку незаконско впаричување на имотот на ТП во полза на неговата сопруга при што се стекнал со лична корист во износ од **2.335.000,00** денари.

*По Иницијативата постапуваа ОЈО Гевгелија, ОЈО Велес и повторно ОЈО Гевгелија кое ја отфрли Иницијативата, ДКСК има барано преоценка на предметот од ЈО на РМ.*

9. ПРОТИВ: одговорни лица во Фондот за локални патишта и улици на општина Струга поради склучен договор за јавна набавка на износ од 3.395.963,00 денари по двојно повисоки цени од пазарните.

*ОЈО Струга утврдило дека нема основ за кривично правен прогон*

10. ПРОТИВ: Чедомир Ристовски поранешен Градоначалник на Илинден поради основано сомневање за злоупотреба на општински средства во износ од 3.132.000,00 денари.

*ОЈО за ГОКК извести дека постапката е во тек.*

11. ПРОТИВ: Ештреф Исени, поранешен Градоначалник на општина Студеничани, поради основано сомневање за злоупотреба на 10.000.000

денари на разни начини и Азем Садики поранешен Градоначалник на општина Студеничани поради основано сомневање дека во постапка за јавна набавка се злоупоребени околу 8.000.000,00 денари општински средства.

*ОЈО ГОКК известти дека постапката е во тек.*

12. ПРОТИВ: Александар Петрески - Градоначалник на општина Охрид, поради основано сомневање дека во постапки за јавни набавки се злоупотребени општински средства.

*ОЈО ГОКК известти дека постапката е во тек.*

13. ПРОТИВ: раководни службени лица од Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи, Одделение во Општина Чаир и од Државниот завод за геодетски работи – Сектор за премер и катастар Скопје поради незаконско отуѓување на имот предмет на денационализација.

*ОЈО Скопје известти дека постапката е во тек.*

14. ПРОТИВ: Јанез Сајовиц, извршен директор, односно член на работоводниот орган на ЈП Македонска Радио Телевизија, Миљаим Љатифи, заменик извршен директор, односно заменик член на работоводниот орган на ЈП МРТ и други раководни лица во ЈП МРТ поради основано сомневање за злоупотреба и несовесно работење во службата преку раководење и управување со штетни последици по ЈП МРТ и остварена лична имотна корист.

*ОЈО ГОКК известти дека постапката е во тек.*

15. ПРОТИВ: градоначалникот на општина Кисела Вода Џорџе Арсов и на службени лица во општината, за јавни набавки со штетни последици по Буџетот на општината.

*ОЈО Скопје известти дека постапката е во тек.*

16. ПРОТИВ:Хазби Лика, градоначалник на општина Тетово и Хајрула Хасани, Емин Ислами и Низамедин Амети поради основано сомневање дека во постапка за јавна набавка прибавиле имотна корист и му нанеле штета на Буџетот на Република Македонија.

*ОЈО ГОКК известти дека постапката е во тек.*

17. ПРОТИВ:градоначалникот на општина Чучер-Сандево Воислав Киранџиќ и на службени лица на општината, бидејќи постои основа за сомневање дека во постапка за јавна набавка нанеле штета на општинскиот буџет.

*ОЈО ГОКК известти дека постапката е во тек.*

18. ПРОТИВ: одговорно лице - директор на НУ Албански театар Скопје, поради ненаменско и незаконско користење на буџетските средства и незаконито работење со штетни последици по Буџетот на РМ.

*ОЈО ГОКК извести дека постапката е во тек.*

19. ПРОТИВ: службени лица од Министерството за одбрана, поради основано сомневање за ненаменско и незаконско трошење на средства од Буџетот на Република Македонија, незаконито и несовесно работење со што е овозможено правни и физички лица да се стекнат со противправна имотна корист на штета на Буџетот на Република Македонија.

*ОЈО ГОКК извести дека постапката е во тек.*

20. ПРОТИВ: службени лица од Министерството за транспорт и врски и службени лица од Комисијата за одлучување по барања за денационализација со седиште во општина Центар, поради основано сомневање дека спротивно на законите отуѓиле градежно земјиште предмет на денационализација, сопственост на РМ, спроти комплексот банки Скопје и постапувањето го подредиле на споменатите злоупотреби со цел прибавување противправна корист.

*ОЈО ГОКК извести дека постапката е во тек.*

21. ПРОТИВ: одговорни лица - директори во Бирото за стопански недоволно развиени подрачја поради основано сомневање дека прибавиле имотна корист преку незаконско и ненаменско користење на средствата на Бирото.

*ОЈО ГОКК извести дека постапката е во тек.*

22. ПРОТИВ: одговорни лица - директори и други одговорни лица - членови на органите на управување на Јавното Претпријатие "Комуналец" Битола поради основано сомневање дека работеле и не спречиле незаконско работење на претпријатието при што придобиле имотна корист.

*ОЈО Битола извести дека постапката е во тек.*

23. ПРОТИВ: одговорни службени лица во општина Кривогаштани поради основано сомневање дека со незаконито работење во располагањето со општинските средства, застапувањето и претставувањето на општината, прибавувајќи имотна корист и нанеле штета од значителни размери.

*ОЈО ГОКК извести дека постапката е во тек.*

24. ПРОТИВ: службени - одговорни лица во општина Дебарца поради основано сомневање дека спротивно на Законите за локална самоуправа и

за јавни набавки овозможиле остварување лична корист на штета на недвижниот и движниот имот на општината.

*ОЈО ГОКК извести дека постапката е во тек.*

25. ПРОТИВ:одговорни и службени лица од АД за производство електрична енергија ТЕЦ „Неготино" во државна сопственост, поради основано сомневање за незаконско, нетранспарентно и ненаменско трошење на државни средства и на други начини направиле штета од 15.979.000 денари.

*ОЈО ГОКК извести дека постапката е во тек.*

26. ПРОТИВ: одговорни-службени лица од Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје, основано од Владата на Република Македонија, поради основано сомневање дека со законско, нетранспарентно и ненаменско трошење на средствата на претпријатието, нанеле штета на средствата на Јавното претпријатие.

*ОЈО ГОКК извести дека постапката е во тек.*

27. ПРОТИВ: поранешниот директор на Агенцијата за млади и спорт Игор Ѓорѓиевски и на други службени лица од Агенцијата за млади и спорт, поради основано сомневање дека со искористување на службената положба и овластување ненаменски потрошиле наменски средства во висина од 387.889.996,оо денари, при што предвидените спортски објекти не биле изградени, со што е нанесена значителна штета на средствата на Буџетот на Република Македонија.

### 4.1.2. *Покренати иницијативи за утврдување одговорност*

Согласно со надлежноста од член 49 од Законот за спречување на корупцијата, ДКСК до надлежни органи поведе 4 иницијативи за утврдување мерки на одговорност:

1. До Владата на Република Македонија за преземање мерки за одговорност на одговорните лица во ЈП "Македонски пошти", за нивно разрешување и сменување поради незаконито, несовесно и неодговорно постапување, затоа што кога се сторени повеќе разбојништва врз поштенски возила во период од 5 години, со неизвршување на својата службена должност нанеле штета на Јавното претпијатие на начин што транспортот на паричните средства наменети за исплата на пензии и примања по друг основ, не го вршеле во согласност со предвидените процедури и стандарди за ваква дејност и мерки за спречување на таквите незаконитости во наредниот период.

2. До Судскиот совет на РМ, за разрешување на Миланчо Рамбабов, судија на Основниот суд Штип, поради нестручно и несовесно извршување

на судиската функција при донесување решение за упис на промена на овластено лице во трговскиот регистар на регистарскиот суд во Штип.

*Судски совет извести дека постапката е во тек*

3. До Судскиот совет на РМ за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција на Везенковска Станка, судија на Основниот суд Скопје I - Скопје, затоа што по поднесеното барање на ДКСК за поведување прекршочна постапка, ослободила службено лице-генерален конзул, кој не поднел Анкетен лист за имотната состојба со што е настаната апсолутна застареност за натамошна судска интервенција.

4. До Министерството за финансии за утврдување одговорност на службените лица од Комисијата за постапување по барања за денационализација со седиште во општина Гостивар и на службените лица од Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на денационализацијата, поради тоа што постапиле спротивно на Законот за денационализација и не овозможиле враќање во сопственост на денационализиран имот.

### 4.1.3. *Барања за поведување прекршочни постапки*

Постапувајки по предметите, ДКСК во два случаи поднесе барања за поведување прекршочни постапки:

**1.** Против Драган Настески, член на УО на ЈП "Македонски шуми", затоа што именуваниот не ја известил ДКСК за воспоставените деловни односи на неговата приватна фирма со ЈП "Македонски шуми" Скопје каде ја извршувал функцијата член на Управен одбор.

*Надлежниот суд донел пресуда, но поради пресудената ниска парична казна од 200,00 евра (12.200 денари), ДКСК има поднесено жалба на пресудата.*

**2.** Против Ердуан Исени, затоа што како Градоначалник на општина Шуто Оризари донел решение за избор на неговиот татко за директор на ОУ "Браќа Рамиз и Хамид" Шуто Оризари - Скопје, и за тоа не ја известил ДКСК што е спротивно на член 29 став 2 од Законот за спречување на корупцијата.

## 4.2 *Согледувања за корупцијата низ постапувањето на ДКСК*

Од вкупниот број завршени предмети во 2008 година најголемиот број, вкупно 211, се однесуваат на корупција во државни органи и единици на локалната самоуправа каде ДКСК има поведено најголем број иницијативи за одговорност пред надлежни органи.Кризни подрачја се располагањето со буџетски средства, јавните набавки, постапките за денационализација, градежништвото и урбанизмот. Несоодветното располагање со буџетските средства се изразува преку ненаменско,

нетранспарентно, незаконско и неконтролирано трошење особено од локалната власт при што децентрализацијата најчесто се доживува како лична привилегија. При тоа отсуствува ефикасна контрола од надлежните за спречување на злоупотребите. Таквиот пристап се практикува без почитување на законски утврдените процедури нагласено во јавните набавки.Во завршницата на процесот на денационализација има сериозни опструкции на постапките и на смислата на законот преку неефикасност и спреги меѓу надлежни органи при што доаѓа до воспоставување сопственичко право врз имот предмет на денационацизација, со цел задоволување бизнис интереси потпомогнати од поединци во органите надлежни за спроведување на законот.Во урбанизмот и градежништвото злоупотреби има во сите фази така што во интерес на лични и групни цели се менуваат урбанистичките планови, се толерираат бесправните градби со можност по пат на корупција да се легализираат, се издаваат одобренија за градење без исполнување на законски предвидените услови и во затворени коруптивни кругови. Градежната инспекција главно го регистрира проблемот за чие решавање е немоќна со образложение дека за тоа недостигаат средства во буџетите на општините.

Според бројот на завршените предмети, вкупно 174, се согледува перцепција на граѓаните дека во правосудството има нагласен степен на корупција.Ваквиот впечаток често е споен со незадоволството од содржината на судската одлука што не е прашање од надлежност на ДКСК. И покрај тоа факт е дека незадоволството произлегува од предолгото траење на судските постапки, неправилности во нивното водење, обезбедување на законската форма често на штета на непристрасното и објективно правораздавање. Сето ова најмногу може да се смета како околност која не и погодува на ефикасната борба против корупцијата. ДКСК во вакви случаи се обраќа до Судскиот совет во чија надлежност се овие прашања со барање за оценка на совесното и стручно работење на судиите што има извесно влијание врз одлуките на Судскиот совет за утврдување одговорност.

Повеќе облици на корупција може да се согледаат во сферата на јавните претпријатија и установи во кои освен сериозни статусни недостатоци има слабости во лошото управување со претпријатијата и користољубивото располагање со нивниот имот, средства и интереси без соодветен и ефикасен надзор и контрола. ДКСК има постапувано по 65 случаи од областа на образованието, здравството, комуналните и други дејности од јавен карактер.

Останатите завршени предмети се од областа на приватизацијата, стечајот и работењето на трговските друштва во кои во најголема мерка се укажува на прашања што не се од коруптивен карактер односно по кои ДКСК нема надлежност за постапување. (прилог-ТАБЕЛА 2)

### *4.3 Работа по предмети во врска со предвремените парламентарни избори 2008 година*

Согласно со своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата во делот Корупција во политиката, ДКСК во 2008 година работеше по 117 предмети што се однесуваа на согледувања за

непридржување до законскиот режим за време на изборниот процес за предвремените парламентарни избори распишани на 12.04.2008 година и одржани на 01.06.2008 година кој заврши со конституирање на Парламентот и изборот на Валадата на Република Македонија. Државната комисија за спречување на корупцијата на почетокот на процесот утврди Правила и ставови, согласно со Законот, како и оперативен план за работа во кој се содржеше режимот на однесување во врска со финансирањето на изборите и располагањето со јавните добра и средства како и основните правила на своето надлежно постапување. Тие Правила ДКСК ги објави јавно, ги истакна на својата ВЕБ страница и ги достави до повеќе институции учесници во процесот и обврзани на посебен режим на однесување во изборниот процес. ДКСК работеше понагласено на превентивниот аспект давајќи свои мислења во врска со 44 барања поднесени до неа од државни органи, јавни претпријатија, установи и од ЕЛС. Најголемиот број од барањата се однесуваа на јавни набавки, а преостанатите на склучување договори за отуѓување градежно земјиште и за закуп, вработувања во јавниот сектор и на склучување колективни договори. Повратните информации одат во прилог на констатацијата дека мислењата на ДКСК се почитувани и користени.

Изборите 2008 низ работата на ДКСК покажаа специфика што една од формите на нејзината работа во изборите, а тоа е упатувањето укажувања за конкретно постапување до разни органи и институции, се однесуваа на 70 огласи за вработувања за ангажирање на вкупно 1160 лица. Од тој број 709 лица беа посочени како потребни за вработување во јавни претпријатија и државни органи, а само во здравството 451.

Во еден случај ДКСК постапи по основано сомневање за поткуп на избирачи за што го извести Јавното обвинителство. Основното јавно обвинителство Струга првично оцени дека нема основа за јавно обвинителска интервенција поради неутврдување на фактичка состојба на поткуп односно дека во случајот не се работи за дело по кое јавниот обвинител постапува по службена должност по што ДКСК се обрати до Јавниот обвинител на РМ за преоценка на предметот. По оваа интервенција ДКСК доби повратна информација дека се спроведува истрага против две лица за кривичното дело Поткуп при избори и гласање од член 162 од КЗ.

Во 17 случаи ДКСК констатира елементи за основано сомневање за непридржување на утврдениот режим при вработувања, изразени меѓудругото, со недавање информации односно давање бавни и неточни информации до неа. ДКСК сумирајќи го процесот во целина, оцени дека е потребно своите согледувања да ги понуди како препорака во тогаш отворениот процес за измена на Изборниот законик, како и да ги употреби во наредните чекори за измени во Законот за спречување на корупцијата. Овие препораки за пресретнување и санкционирање на коруптивни однесувања се однесуваат на измени во изборните норми, како и на вработувањата, разните форми на располагање со државниот имот (закуп, концесии и сл.) користењето на јавните добра, јавните набавки, постапувањето по индициран поткуп на избирачи, располагањето со државниот капитал во правните лица како и на заострување на казнената и прекршочната одговорност за време на избори.

Во почетокот на август 2008 своите предлози ДКСК ги формулира низ следните заклучоци и препораки што ги објави на својата ВЕБ страница

и ги стави на располагање на експертскиот тим за измена на Изборниот законик.

**Заклучок 1:**

Врз основа на податоците со кои располага Државната комисија за спречување на корупцијата доставени од страна на Советот за радиодифузија за трошоците за платеното политичко рекламирање во текот на изборната кампања во електронските медиуми (за реалното времетраење за платената политичка програма) и од редовното следење на печатените медиуми, ДКСК констатира дека двете коалиции - организатори на изборна кампања кои единствени имаа кандидатски листи во сите шест изборни единици неколкукратно го надминале законски дозволениот лимит по однос на средствата кои можат да бидат потрошени за изборна кампања, пропишан со членот 84 од Изборниот законик.

**Заклучок 2:**

Врз основа на споредба на податоците доставени од страна на Советот за радиодифузија за трошоците за платеното политичко рекламирање во текот на изборната кампања во електронските медиуми (за реалното времетраење за платената политичка програма), од редовното следење на печатените медиуми споредено со законскиот лимит и официјалните ценовници на медиумите, овие податоци не ја одразуваат реалната состојба со оглед на фактот што се одобрувани и се користени попусти кои можеа да бидат и до 90%.

Одобрените попусти, давателите и корисниците на истите, немаат законска обврска да ги пријават и за нив нема податоци, поради што е невозможно тие да бидат утврдени, со што се релативизираат претходните констатации.

Ова го прави невозможно проверувањето на фактот кој законот го наметнува како обврска, а тоа е попустите за сите учесници во изборната кампања да бидат еднакви.

**Заклучок 3:**

Од официјалните финансиски извештаи на политичките партии, објавени и доставени до Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија произлегува дека кај учесниците во изборите прикажаните расходи се поголеми од нивните приходи. Оваа разлика како и недоволно прецизираните видови извори на приходи со кои се финансираат кампањите фрла сомнеж дека има и други финансиски извори освен законски пропишаните, што пак од аспект на Законот за спречување на корупцијата го актуелизира прашањето за постоење на противправни и анонимни извори на финансирање.

**Заклучок 4:**

Врз основа на сеопфатната анализа на податоците добиени од страна на Советот за радиодифузија, од извештајот за платеното политичко рекламирање во печатените медиуми, официјалните ценовници на

медиумите, финансиските извештаи на партиите објавени и доставени до Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата ги утврди следните

**ПРЕПОРАКИ:**

1. Во Изборниот законик да се разграничат видовите извори на финансирање и да се регулира прашањето дали политичка партија може да биде спонзорирана или само да користи донации и во која форма (материјални и други), дали политичката партија може да користи позајмици и дали за изборна кампања може да се користат средства од редовната сметка (со утврдување на начинот на внесување на овие средства и на употребата на истите) со оглед на обврската за посебна – строго наменска жиро сметка според член 71 од Изборниот законик. Исто така треба да се утврди единствен образец за финансиските извештаи на партиите.
2. Во Изборниот законик да се регулира како и каде ќе се прикажат средствата кои реално може да пристигнат на сеуште активната сметка за изборна кампања, по истекот на рокот од еден месец во кој политичките партии ги поднесуваат финансиските извештаи до Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија.
3. Да се утврди обврска за ревизорска обработка на финансиските извештаи и тие наоди да бидат доставени до органот што носи Одлука за распределба на средствата од Буџетот зависно од изборните резултати, пред законскиот рок за донесување на оваа одлука.
4. По известувањата на ДКСК за своите основи за сомневање за поткуп на избирачи, постапувањето на Јавниот обвинител да биде итно.
5. Да се преиспитаат одредбите од Законот за спречување на корупцијата што се однесуваат на забраните за располагања со јавните средства за време на изборите и на можностите за отстапувања од нив.
6. Да се заострат казнените мерки за кршењето на изборната регулатива во сферата на финансирањето на изборните кампањи.
7. Да се подигне степенот на конзистентност на законите што се однесуваат на изборите.

## 5. АНКЕТНИ ЛИСТОВИ ЗА ПРИЈАВА НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА

Со цел остварување увид и контрола во имотната состојба на лицата што се избираат и наименуваат за вршење јавни функции, овластувања и должности како и за превенирање и санкционирање на употребата на јавната работа за остварување лична корист, Законот за спречување на корупцијата утврдува обврска службените лица при стапување и при заминување од должност да достават анкетен лист до ДКСК и до Управата за јавни приходи, во кој треба да го прикажат недвижниот имот, подвижните предмети од поголема вредност, хартиите од вредност и побарувањата и долговите, како и другиот имот што е во нивна сопственост или во сопственост на членовите на нивните потесни домаќинства.

Службените лица исто така се должни да го пријават секое зголемување на имотот поголемо од дваесет просечни плати во претходниот тримесечен период.

Според измените на Законот во 2006 година службеното лице при вработување во државен орган, во општинската администрација и во администрацијата на градот Скопје пополнетиот анкетен лист го доставува до органот во кој е вработено.

Неподнесувањето анкетен лист повлекува поведување прекршочна постапка во која законски предвидената глоба е од 500 до 1000 евра во денарска противвредност. Оваа постапка се поведува по барање на ДКСК која може да поведе и постапка пред Управата за јавни приходи за испитување на имотот и имотната состојба на службеното лице, ако истото не дало анкетен лист, но и ако не дало податоци, дало невистинити и непотполни податоци, не пријавило промена на имотот или ако се утврди дека неговиот имот или имотот на член на неговото семејство е несразмерно зголемен во текот на траењето на мандатот во однос на редовните примања.

Податоците за имотната состојба се информации од јавен карактер кои од јули 2007 година ДКСК по претходна обработка од аспект на заштита на личните податоци ги објавува на својата ВЕБ страница и досега се објавени податоците од 1005 анкетни листови. Јавната достапност на анкетните листови има позитивни ефекти врз отчетноста на јавните функционери што се забележува по двојно зголемениот број пријави за промена на имотната состојба во изминатите две години споредено со периодот пред тоа кога анкетните листови се сметаа за службени исправи, а податоците во нив службена тајна.

**Графички приказ за поднесени пријави за промена на имотната состојба**




Со примените 357 нови анкетни листови во 2008 година во ДКСК има вкупно 3598 анкетни листови од избрани или наименувани функционери. Во овој период се поднесени и 204 анкетни листови по престанок на функцијата.

2008 година беше карактеристична по тоа што за првпат се распушти Собранието на Република Македонија и се одржаа предвремени парламентарни избори. Од 120 пратеници, 114 поднесоа анкетен лист по

престанок на функцијата, а од новиот состав на Парламентот само еден пратеник не поднесе анкетен лист по верификација на мандатот. Сите 22 членови на Владата на Република Македонија поднесоа анкетни листови по нивниот избор, а од претходните 23 само четири членови на Владата не поднесоа анкетен лист по престанок на нивната функција и еден не достави пријава за промена на функцијата бидејќи беше избран за пратеник. Тоа го потврдува позитивниот тренд во изминатите две години во почитувањето на оваа обврска од страна на службените лица.

(Прилог табела број 3)

Согласно со своите надлежности, ДКСК против посочените 7 пратеници, 4 членови на Владата и други 22 избрани и наименувани функционери што немаа доставено анкетен лист, до надлежните судови ДКСК поведе прекршочни постапки.

Во извештајната година по претходно поднесени барања судовите донеле 39 одлуки од кои: во 19 случаи е изречена парична казна, во 7 случаи прекршочна опомена, во еден случај барањето е отфрлено, а во 12 случаи настапила апсолутна застареност за водење прекршочна постапка. Со оглед дека доследно не е спроведен законот ДКСК вложи две жалби по одлуките на надлежните судови и тоа: на висината на казната од 10 илјади денари, што е изречена на еден директор кој во времето кога е донесена пресудата се уште немаше доставено анкетен лист и на ослободителната пресуда што судијата ја донел повикувајќи се на дипломатски имунитет на обвинетиот при што е настаната апсолутна застареност. Претходната година е добиена и одлука на апелационен суд со која е уважена жалбата на ДКСК поднесена 2007 година на пресудата со која е осободен од одговорност државен секретар, иако истиот немаше поднесено анкетен лист.

Во претходните пет години до судовите се поднесени 260 барања за поведување **прекршочна постапка** од кои за 86 барања сеуште нема судска одлука, во 68 случаи е донесена одлука со која е ублажена казната и е изречена прекршочна опомена и во 37 случаи настапила апсолутна застареност поради не навремено постапување на судовите.

Поради тоа и со цел поефикасно судско постапување и остварување на репресивната димензија на Законот, ДКСК во 2008 година побара од Судскиот совет да превземе мерки со цел да се обезбеди поголема ефикасност во постапувањето на надлежните судови по поднесените барања за поведување прекршочна постапка со навремено постапување и изрекување адекватни казнени мерки согласно со законскиот распон на предвидената глоба и со тежината на прекршокот и казнената одговорност на сторителите. Низ практиката се согледува дека износот на предвидената глоба не е доволно мотивирачки за подоследно исполнување на законската обврска од сите обврзници, па затоа во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата е предвидена измена на Законот со пропишување построги санкции. Истовремено се покажува потреба за развој на методологијата, нормативните и институционалните алатки за ажурно и поефикасно следење на имотната состојба.

Државната комисија до Управата за јавни приходи во 2008 година поднесе 19 барања за поведување постапка за **испитување на имотот и имотната состојба** поради неподнесување анкетен лист или давање непотполни и невистинити податоци и тоа: за еден актуелен пратеник, за 5 поранешни пратеници, за 4 поранешни министри, за еден поранешен

државен секретар, за еден судија, за 4 поранешни судии, за еден директор, за еден заменик директор и еден царински работник. ДКСК по овие 19 и по 23-те барања поднесени во 2007 година доби известување од Управата за јавни приходи дека по 33 барања се собрани податоците од надлежните институции и постапката е во тек, за три градоначалници не можат да ја отпочнат постапката бидејќи им недостасува единствениот матичен број, а по последните 6 барања не е отпочната постапката.

Во 2008 година, ДКСК презеде интензивни активности за поврзување на дата базите со Управата за јавни приходи со што се исполнија техничките услови за безбедно и квалитетно мрежно поврзување, а од страна на информатичка компанија е изработен нов софтвер за евидентирање на анкетните листови. Системот е пуштен во редовна работа на 29 декември, а со постојан внес и ажурирање на податоците во оваа база во секој момент ДКСК и Управата за јавни приходи ќе имаат можност да добијат преглед на: лица кои имаат обврска да пополнат анкетен лист, лица кои поднеле анкетен лист со целосни податоци за нивната имотна состојба и лица кои имаат промена во анкетниот лист со целосни податоци за промената. Покрај прегледот на податоците од анкетните листови за имотната состојба со ова ќе може да се врши и споредба на податоците од поднесените задолжителни годишни даночни пријави. Овој чекор веќе е оценет како значаен поен во јакнењето на институционалните капацитети во земјава.

Министерот за правда во јули 2008 година го донесе Правилникот за начинот на постапување со анкетните листови за службените лицата кои имаат обврска да поднесат анкетен лист согласно со членот 33-б од законот. Со оглед дека се создадоа сите услови за собирање на анкетните листови од службените лица кои имаат обврска анкетните листови да ги достават до органот каде што се вработени, побарано е од сите државни органи и единици на локалната самоуправа да определат лице кое ќе биде ангажирано за прибирање на анкетните листови и за истото да ја известат ДКСК. ДКСК предвидува обуки за службените лица задолжени за прибирање и чување на анкетните листови од вработените во државните органи и во општинската администрација, по што ќе се остварат услови за предавање на анкетните листови доставени до ДКСК до 2006 година, вкупно 8807 на број, на 73-те државни органи во кои се вработени подносителите на анкетните листови. Веќе се одржани обуки со задолжените службени лица во Државниот завод за ревизија, Управата за спречување перење пари и финансирање тероризам, Министерстото за економија и општината Карпош, а на Царинската управа и беа предадени 814 акетни листови на вработени во Управата претходно доставени до ДКСК.

# II. ИЗВЕШТАЈ НА ДКСК ЗА РАБОТАТА, ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ

## Вовед

Во месец јуни 2007 година Собранието на РМ го донесе Законот за спречување судир на интереси (Службен весник на РМ бр.70/07) со што го подигна нормативното ниво на превенцијата и репресијата против оваа општествено негативна појава. Со тоа се потврди потребата од воведување современа правна регулатива и стандарди во РМ преку кои се цени капацитетот на земјава во правец на остварување на нејзините стратешки цели на меѓународен план.

Спроведувањето на Законот беше дадено во надлежност на Државната комисија за спречување на корупцијата.

По својата дефиниција судирот на интереси претставува состојба кога приватниот интерес на службеното лице е во спротивност со јавниот интерес или кога приватниот интерес влијае или може да влијае врз неговата непристрасност при вршењето на работите од јавен интерес. Со други зборови судирот на интереси претставува судир меѓу личниот интерес и јавната должност, односно претпоставено, можно или фактичко искористување на функцијата во насока на остварување личен интерес.

Во областа на судирот на интереси ДКСК има законска надлежност да донесува Државна програма и Акционен план за превенција и намалување на појавата на судир на интереси , да дава мислења на предлози на закони од областа, да разгледува случаи на судир на интереси, да дава иницијативи за преземање мерки на одговорност во случаи на утврден судир на интереси, да презема активности за едукација, да соработува со други државни органи во спречувањето на оваа појава и да ја известува јавноста за случаи на судир на интереси. Овој Извештај ДКСК го доставува согласно со надлежноста утврдена во членот 21 од Законот за спречување судир на интереси.

Појавата на злоупотреба на власта и доверените јавни овластувања од страна на службени лица во насока на задоволување лични интереси, како и застапеноста во нашата земја резултира со преземање активности насочени кон воспоставување механизми неопходни за сузбивање на оваа општествено негативна појава. Во периодот на примена на Законот за спречување судир на интереси ДКСК согледа дека судирот на интерси предизвикува внимание во јавниот живот и меѓу граѓаните, но дека е неопходно суштината и појавните облици подобро да се познаваат. Истовремено очекувањето ДКСК да презема конкретни мерки во конкретни случаи не кореспондира целосно со нејзината надлежност утврдена во Законот кој улогата на Државната комисија ја лоцира во делот на детекција и иницирање на преземање мерки од други органи. Овие согледувања беа базични при работата на ДКСК во извештајната година во која е направен значаен исчекор во насока на сузбивање на оваа појава како сериозен проблем кој доколку благовремено не се превенира преставува предворје за појава на корупцијата како општествено штетна појава со далекусежни последици и сериозна закана и загрозување на основните принципи и вредности на секое демократско општество.

Истовремено во изминатиот период како позитивен аспект се согледува подготвеноста кај носителите на јавни функции за постоењето на оваа појава и за барањето решение за нејзино пресретнување и надминување да се обраќаат до ДКСК. Во 2008 година се работеше врз 44 предмети отворени по претставки од физички и правни лица и самоиницијативно од ДКСК што споредено со претходната 2007 година значи зголемување за 14 нови предмети.

## 6.1 Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси

Една од најзначајните обврски на Државната комисија за спречување на корупцијата која произлегува од Законот за спречување судир на интереси, со чие донесување се прошири надлежноста на Државната комисија и врз примената односно спроведувањето на овој закон, е донесувањето Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси. Тргнувајќи од важноста на овој документ да создаде услови насочени кон превенција и намалување на појавата на судир на интереси и да придонесе за сузбивање на сериозните негативни појави какви што се организираниот криминал и корупцијата, ДКСК во почетокот на 2008 година најголемиот дел од својот ангажман го посвети токму на подготовката на Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси. Со оглед и на фактот што станува збор за прв документ од ваков вид во Република Македонија, Државната комисија во активностите за подготовка на оваа Државна програма оствари ефикасна соработка со сите релевантни државни органи и институции и со домашни и странски експерти.

Имено, донесувањето на Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси се реализира преку формирање работна група, како поддршка на Државната комисија за спречување на корупцијата, составена од два меѓународни експерти од областа на судирот на интереси, еден домашен експерт – универзитетски професор, еден домашен експерт од областа на јавната администрација, еден претставник од Министерството за правда и еден претставник од приватниот сектор. Изготвувањето на Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси се одвиваше преку спроведување две последователни еднонеделни работилници со сите учесници во процесот на изготвување на Програмата. Првата работилница се одржа од 24 до 28 април 2008 година, а втората од 21 до 24 мај 2008 година. На работилниците беа детектирани проблемите со кои се соочуваме во сферата на судирот на интереси при што беа утврдени и мерки и активности кои треба да се преземат со цел да се воспостави ефикасен систем за превенција и намалување на појавите на судир на интереси. Сесрдниот ангажман во подготовката на Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси резултираше со нејзино донесување во мај 2008 година, што беше позитивен поен во реализацијата на задачите од Претпристапното партнерство на РМ за членство во ЕУ утврдени за 2008 година. Во целокупниот процес на подготовка на Програмата, Државната комисија за спречување на корупцијата, во рамките

на веќе воспоставената соработка доби непосреден придонес и техничка поддршка од страна на УСАИД „Светско учење" Македонија.

Државната програма, односно мерките и активностите утврдени во неа, што треба да се превземат во насока на превенирање на појавите на судирот на интереси беа конципирани врз досегашните практични искуства на Државната комисија во работата на материјата од областа на судирот на интереси. Овие практични искуства овозможија при изготвувањето на Програмата проблемите од областа на судирот да бидат групирани во девет т.н. ризични области и тоа:

- кумулација на функции и остварување корист;
- влијание заради остварување финансиска и друг вид корист;
- дискрециони овластувања;
- службено постапување во случај на приватен интерес;
- подароци;
- непотизам при вработување, јавни набавки, склучување договори, издавање разни видови дозволи и друго;
- користење јавни добра за приватни (лични, партиски и други) цели;
- вработување по престанок на функцијата;
- користење и злоупотреба на информации што не се достапни на јавноста.

При разработката на секоја ризична област детално беа согледани состојбите во општеството што преставуваат погодно тло и ја поттикнуваат појавата на судир на интереси и иститте беа обработени во секоја ризична област, со предлагање мерки и активности што е неопходно да бидат преземени. Програмата прави исчекор во фокусирањето врз одделни категории од областа, какви што се непотизмот, дискреционите овластувања и подароците на службени лица, со што придонесува кон можноста за јакнење на свеста за карактерот и спецификите на овие појавни облици на судирот на интереси што е од значење за јакнење на превентивниот капацитет на општеството.

Составен дел на Државната програма е и Акциониот план за примена на мерките и активностите предвидени во Програмата.

Акциониот план разработува мерки и препораки како и индикатори за мерење на реализација на секоја предвидена активност, индикатори за мерење на ефективноста на примената на активностите, органите и институциите носители и извршители на одделните активности, роковите за реализација на активностите и финансиските импликации, што значи Акциониот план овозможува следење, мерење и подигање на динамиката и ефикасноста во остварувањето на Државната програма. Освен во функција на подигање на превентивниот капацитет за справување со судирот на интереси во Акциониот план согласно со Државната програма е утврдена работа врз измени и дополнувања на Законот за спречување судир на интереси во чија подготовка со свои предлози ќе учествува ДКСК согласно со нејзината законска надлежност на овој план.

### 6.2 Водич за управување со судир на интереси

Донесувањето на Државната програма за превенција и намалување на појавите на судир на интереси значеше почеток на активностите за нејзина примена. Една од приоритетните активности завршени во 2008

година претставуваше изготвувањето Водич за управување со судир на интереси.

Изготвувањето на Водичот е планирано во Акциониот план кој е составен дел на Државната програма и истиот беше изготвен и јавно промовиран во септември 2008 година. Водичот е отпечатен во практична брошура лесна за користење и тоа во 5000 примероци на македонски, албански и англиски јазик. Водичот претставува практично помагало за обука и едукација за судирот на интереси затоа што содржи збир на правила за пресретнување и спречување на судирот на интереси како ориентир во однесувањето на службените лица и овозможува секој да ги добие потребните информации за препознавање и можност да придонесе во надминувањето на судирот на интереси.

Потребата за изработка на овој Водич произлезе пред се од:

- констатираната состојба на недоволно познавање на поимот и појавите на судир на интереси од страна на службените лица;
- потребата за едукација и запознавање на службените лица со поимот и појавните облици на судирот на интереси, како едно лице може да се најде во состојба на судир, што треба да направи за да се избегне истиот, како се излегува од состојбата на судир на интереси;
- развивањето систем на откривање и надминување на истиот.

Целната група за која е наменет Водичот се сите службени лица и за граѓаните на Република Македонија воопшто.

### 6.2.1 Обуки

Со цел да се создадат услови за практична примена на Водичот за управување со судир на интереси од страна на службените лица, беа одржани обуки во ноември 2008 година со 170 судии и обвинители во четирите апелациони подрачја во државата.Во направената евалуација на оваа обука беа изречени вонредно позитивни оценки и за целите и за содржината на обуките како и за стручната корист што се оствари за овие службени лица.Овие обуки што ги врши ДКСК се влезени во Годишната програма за обуките што ги организира Академијата за обука на судии и јавни обвинители како и во Програмата на Агенцијата за државни службеници. Истовремено ДКСК утврди во Програмата за својата работа во 2009 година серија обуки во други сегменти на системот.

## 6.3 Работа по предмети од областа на судирот на интереси

Во текот на извештајната 2008 година Државната комисија за спречување на корупцијата посвети големо внимание врз работата по предмети од областа на судирот на интереси третирајќи ги како приоритетни во рамките на своето постапување. Предметите ДКСК ги оформува или врз основа на добиени претставки од страна на физички и правни лица, или самоиницијативно врз основа на добиени сознанија. Тоа го направи во 16 случаи.

Во 2008 година до Државната комисија оформи 44 предмети и ги заврши преостанатите 5 започнати во 2007 година.

Поголемиот дел од овие предмети значеа барање мислење од ДКСК и нејзино превенирање можен судир на интереси барано од физички и правни лица.

ДКСК работејќи стриктно по Законот во јавноста ги соопштуваше само случаите на утврден судир на интереси што отстрана гледано создава впечаток на дисхармонија меѓу соопштувањата на Државната комисија и примерите на кои посочуваа други субјекти преку средствата за јавна комуникација. Како согледување од досегашната практика е и фактот дека најголемиот број случаи се однесуваат на недозволена кумулација на функции што ги извршуваат службени лица.

Постапувањето по предметите од оваа област овозможи Државната комисија да изврши и нивна класификација во неколку групи и тоа:

а) предмети за концентрација на повеќе функции во една иста личност;

б) предмети на претпоставен судир на интереси при што службените лица пред да стапат на определена функција, самоиницијативно се обраќаат до Државната комисија и бараат мислење дали во одредени случаи би постоел судир на интереси;

в) предмети на фактички судир на интереси при што Државната комисија постапува и утврдува дали пријавениот се наоѓа во состојба на судир на интереси или не;

Државната комисија од извршената класификација на предметите може да констатира дека најпогодно тло за појава на судир на интереси се јавува при извршување на повеќе функции истовремено од страна на службените лица.

За потребите на овој Годишнен извештај, согласно со режимот за јавно објавување од членовите 30 и 31 од Законот Државната комисија го нуди следниот приказ на завршените предмети:

**1. ВД. Директор на Националниот парк Пелистер**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице. ДКСК утврди постоење судир на интереси. По нејзино укажување извршувањето на една од двете функции кои истовремено ги извршуваше Томислав Петров беше ставена во мирување.

**2. Општина Струга**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице.Во релацијата на која се укажуваше дали службено лице во јавна установа може да биде и член на регионална комисија формирана од членови од повеќе јавни установи ДКСК не утврди постоење судир на интереси.

**3. Универзитет СВ. Кирил и Методиј**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице (орган во кој се спроведува постапка за јавна набавка). ДКСК не утврди постоење судир на интереси.

**4. Директор на Бирото за лекови;**

Поведен по иницијатива на ДКСК. Не утврди постоење судир на интереси.

**5. Апелационен суд Гостивар**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице (орган во кој се спроведува постапка за вработување). ДКСК не утврди постоење судир на интереси.

**6. Основен суд Велес**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице (орган во кој се спроведува постапка за вработување). ДКСК не утврди постоење судир на интереси.

**7. Здравствен дом Крива Паланка**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице (орган во кој се спроведува постапка за избор на член на Управен одбор). ДКСК оцени дека не е ненадлежна за постапување во конкретниот случај.

**8. анонимен подносител**

Претставка во која се укажува на постоење непотизам во ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство Чаир, кај доктор од оваа болница затоа што тој својата сопруга од друга поликлиника ја префрлил да работи во установата каде што и тој работи. ДКСК не утврди постоење судир на интереси.

**9. анонимен подносител**

Претставка во која се укажува на влијание, непотизам и злоупотреба на службената положба од страна на лице вработено во Дирекцијата за заштита и спасување, како инспектор. ДКСК не утврди постоење судир на интереси.

**10. Државно правобранителство на РМ;**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице (орган во кој се спроведува постапка за вработување). ДКСК не утврди постоење судир на интереси.

**11. Енергетика АД Скопје**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице со барање мислење по кое ДКСК утврди претпоставен судир на интереси и за тоа го извести подносителот.

**12. Директор на ЈКП Прилеп- непотизам**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице. ДКСК не утврди непотизам во постапката за вработување на директорот на ова јавно претпријатие.

**13. граѓанин кој нема својство на службено лице**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице (орган во кој се спроведува постапка за вработување). ДКСК не утврди постоење судир на интереси.

**14. Национален конзерваторски центар**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице за постоење на непотизам кај поранешен директор на Центарот во постапка за вработување. Државната комисија утврди постоење судир на интереси, но поради промена на фактичката состојба постапувањето е запрено.

**15. Министер за образование и наука**

Поведен по иницијатива на ДКСК. Не е утврдено постоење судир на интереси.

**16. Царинска управа**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице. Царинска управа се обрати со барање ДКСК од аспект на своите надлежности да даде одговор на одредени прашања.

**17. Државен службеник во Уставен суд**

Поведен по иницијатива на службеното лице Сафет Кадриу, кој побара мислење од ДКСК. ДКСК утврди претпоставен судир на интереси и за тоа го извести подносителот.

**18. ЈСП Скопје**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице (орган во кој се спроведува постапка за јавна набавка). ДКСК не утврди постоење судир на интереси.

**19. Завод за здравствена заштита Тетово**

Поведен по иницијатива на службени лица. ДКСК не утврди постоење судир на интереси.

**20. Министерство за внатрешни работи**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице. Министерство за внатрешни работи се обрати со барање ДКСК од аспект на своите надлежности да даде стручно мислење по однос на примената на член 104 од Законот за полиција.

**21. Царинска управа**

Поведен по иницијатива на заинтересирано лице (орган во кој е вработено лицето за кое постои основано сомневања дека се наоѓа во состојба на судир на интереси). ДКСК не утврди судир на интереси и за тоа го извести подносителот.

**22. Министерство за финансии**

Во врска со укажувањата на ДКСК за незаконитост на појавата на кумулација на функции кај државни службеници вработени во органите на државната управа (членување во повеќе управни или надзорни одбори, комисии и сл.) Министерството за финансии по своја иницијатива достави список на лица вработени во ова Министерство кои покрај своите редовни работни должности се јавуваат и во својство на членови на вакви орани.

**23. државен службеник во Министерство за финансии**

Поведен по иницијатива на ДКСК. Утврдено постоење судир на интереси кај државниот службеник Маја Парнаџиева и по укажување на ДКСК состојбата на кумулација на функции е надмината.

**24. член на Регулаторна комисија за енергетика**

Поведен по иницијатива на ДКСК. Утврдено постоење судир на интереси - кумулација на функции. По укажување на ДКСК состојбата на кумулација на функции кај членот Рухи Бахиу е надмината.

**25. службено лице во Министерството за внатрешни работи**

Поведен по иницијатива на ДКСК. Утврдено постоење судир на интереси - кумулација на функции. По укажување на ДКСК службеното лице, Иво Котевски се има обратено до органот кој што го наименувал со барање да биде разрешен.

**26. Раководен државен службеник во Владата на РМ**

Поведен по иницијатива на ДКСК. Утврдено постоење судир на интереси – кумулација на функции. По укажување на ДКСК службеното лице, Наташа Стојмановска се има обратено до органот кој што ја наименувал со барање да биде разрешена.

**27. едно лице член на два УО**

Поведен по иницијатива на ДКСК. Утврдено постоење судир на интереси – кумулација на функции. По укажување на ДКСК службеното лице, Владимир Цветиновски се има обратено до органот кој што го наименувал со барање да биде разрешен.

**28. поранешен државен службеник во Министерството за транспорт и врски**

Поведен по иницијатива на ДКСК. Не е утврдено постоење судир на интереси - кумулација на функции кај лицето.

**29. државен службеник во Министерството за финансии**

Поведен по иницијатива на ДКСК. Не е утврдено постоење судир на интереси - кумулација на функции кај лицето.

По преостанатите предмети за судирот на интереси по кои работеше ДКСК во 2008 година постапката е во тек.

## 7. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

### 7.1 Работа на нормативен план

Државната комисија со подеднаква посветеност ги остварува сите свои законски утврдени надлежности какви што се и давањето мислења по

закони од областите во кои дејствува и соработката со домашни и странски сродни органи и институции.

Во 2008 година ДКСК со писмени предлози се произнесе по измените во казненото законодавство и тоа измените на Кривичниот законик и на работната верзија на Законот за кривична постапка, со што се финализира непосредното учество на член на Државната комисија во работната група што ги подготвува измените во кривичното законодавство. Конструктивното учество на Државната комисија во работата на измените на кривичното законодавство резултираше со прифаќање на значаен дел од предложените измени.

Активната партиципација на Државната комисија во ревизијата на македонското казнено законодавство се манифестираше во текот на годината и со учество на Конференцијата на тема „Ревизија на македонската законодавна рамка во областа на организираниот криминал и корупцијата" одржана во април 2008 година во Охрид.

Соработката со останатите органи и институции одговорни за превенција и сузбивање на корупцијата во Република Македонија, а во интерес на стекнување нови сознанија во борбата против организираниот криминал и корупцијата, Државната комисија беше поканета и нејзини членови активно учествуваа на семинар на тема "Корупција 2" во организација на Проектот КАРДС 2005 - Твининг одделение за борба против организираниот криминал и корупцијата – Јавно обвинителство на РМ што се одржа во јануари 2008 година во Академијата за обука на судии и обвинители во Скопје.

- на семинарот на тема "Финасиски криминал" одржан во мај 2008 година во Скопје

- на Годишното советување на тема "Актуелните реформи на материјалното и процесното казнено законодавство и економскиот криминалитет" одржан во септември 2008 година во Охрид .

Државната комисија зеде учество и на Семинарот на тема "Новиот закон за платен промет во практиката"одржан во февруари 2008 година во Скопје.

Особен придонес Државната комисија даде и во јавната дебата за амандманите на Уставот на Република Македонија што се однесуваа на предлогот за намалување на цензусот за избор на претседател на Република Македонија во вториот круг.

Во овој извештај се одбележува и активното учество на Државната комисија во проектите реализирани од НВО Центар за граѓански комуникации преку работилниците на тема: "Стеснување на просторот на корупцијата во образованието" и "Предлагање мерки за стеснување на просторот за корупцијата во здравството", на семинарот на тема "Превенцијата и човековата безбедност кон заедничка акциска агенда" и на работилницата на тема "Демократијата и човековата безбедност" во организација на Фондацијата "Фридрих Еберт" и Центарот за превенција и европски вредности како и на работилниците организирани од НВО „Коалиција за правично судење."

Државната комисија своите надлежности и мисија ги остварува и преку непосредно партиципирање во проекти на други субјекти и институции, каков што е Проектот подржан од Норвешката влада на тема „Корупција во образованието" во кој ДКСК е партнер со Владата на РМ и

со универзитетите во земјава. Претседателот на Државната комисија во својство на предавач одржа повеќе обуки за антикорупциски мерки и етика во државната служба во организација на Агенцијата за државни службеници.

Секретаријатот на Државната комисија, извршувајќи ги обврските на високо стручен тим во поддршка на работата на Државната комисија, заради подигање на знаењата и вештините, во текот на годината активно учествуваше на:

- обука за постапките од областа на урбанизмот во локалната самоуправа во организација на УНДП
- обука за презентациски вештини со цел квалитетна подготовка за претстојниот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација.
- семинар на тема "Пристап до можностите за финансирање од Европската унија ИПА и другите фондови на заедницата"
- учество на обука за административни процедури во управната постапка во областа на комуналните дејности, во организација на УНДП
- состанок со мисијата на ОЕЦД во рамките на подготовката на Извештајот за Индексот на инвестиционите реформи за 2009 година
- тренинг за евалуација, во организација на УСАИД и Центарот за човекови права и разрешување конфликти.

### 7.2. Меѓуинституционална соработка

Со оглед на карактерот на корупцијата како сериозен национален и транснационален проблем, можноста истиот да се генерира преку слабости во системот и како криминал за чие ефикасно сузбивање е нужен ангажманот на ДКСК. Државната комисија на соодветен начин ја организира својата соработка со други органи и институции со надлежност за постапување на полето на корупцијата во земјата, како и со сродни тела и институции на меѓународен план. Соработката всушност е еден од предусловите за водење ефикасна и долгорочна борба против корупцијата, а токму постигнувањето практични резултати на планот на ефикасноста е еден од предизвиците со кој се соочи ДКСК од почетокот на својот мандат.

Откако на крајот на 2007 година дванаесет домашни органи и институции потпишаа Протокол, што го иницира ДКСК за меѓусебна соработка на полето на корупцијата и судирот на интереси, постојано во текот на цела 2008 година ДКСК ги ползуваше и ги поттикнуваше формите на непосредна соработка што произлегуваат од Протоколот.На крајот на годината со цел заедничка оценка и јакнење на соработката се одржа Годишен состанок на кој преку своето присуство уште три институции маниферстираа пристапување кон Протоколот за соработка. Така сега на линија на меѓусебна дневна комуникација се следните институции: ДКСК, Јавно оввинителство на РМ, Управа за јавни приходи, Министерство за внатрешни работи, Државен завод за ревизија, Судски Совет, Државно правобранителство, Царинска управа, Агенција за катастар на недвижности, Управа за спречување перење пари и финансирање тероризам, Управа за финансиска полиција, Биро за јавни набавки, Совет на јавни обвинители, Државна изборна комисија и Комисијата за жалби по јавни набавки. На состанокот во декември веќе воспоставената соработка е

оценета како корисна и успешна и при тоа е договорено нејзино проширување и со јакнење на меѓусебната стручна помош, формирање тимови за работа врз закони од заедничка надлежност и непосредна работа врз специфични случаи на криминал и корупција, што се форми на соработка утврдени во Протоколот.

Освен тоа во ажурното и квалитетно работење врз конкретни предмети и во излегувањето во пресрет на секоја од институциите во полза на поуспешното севкупно работење, ДКСК целосно го користи Упатството на Владата на Република Македонија со кое сите институции не само што се задолжени да излезат во пресрет на барањата информации и документи од ДКСК туку се наложени куси прецизни рокови за тоа.

Треба да се регистрира и фактот што ДКСК со посебна настојчивост придонесе за евидентно зголеменото ниво на давање повратни информации по иницијативите доставени од ДКСК до други надлежни органи што е од повеќе релевантни институции оценето како постигање на ДКСК во овој период.

### 7.3. Регионална соработка

Во рамките на регионалната соработка со сродни антикорупциски тела, Државната комисија покани претставници од сродните институции од Албанија, Црна Гора, Србија, Хрватска, Словенија и Косово да учествуваат на Регионална конференција за антикорупциските искуства и практики, градењето стратегии за водење активна антикорупциска политика во секоја од земјите, за примената на меѓународните стандарди и конвенции како и за можностите за развивање на меѓусебната соработка. На овој состанок беа донесени и дистрибуирани заеднички ставови и согледувања за корупцијата како глобален светски проблем и за потребата секоја земја да ја зајакне борбата против неа на превентивен и репресивен план, како и за имплементацијата на меѓународните норми и стандарди во земјите од регионот. Исто така, беа разменети ставови за надворешните ризици со кои што се соочуваат специјализираните антикорупциски тела во остварувањето на нивните надлежности и беше договорено идните заеднички средби да бидат тематски фокусирани на конкретни актуелни прашања. Од учесниците кои освен тоа имаа можност да присуствуваат на Годишната конференција за оценка на остварувањето на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, беше оценето дека искуствата што ги постига Македонија на институционален и легислативен план за борба против корупцијата претставуваат инспиративен пример за антикорупциските политики во регионот.

### 7.4 Меѓународна соработка

Соработката што ДКСК ја остварува на меѓународен план е значајна можност за презентирање на севкупните напори на Република Македонија за борба против корупцијата и за улогата на Државната комисија на тоа поле.

Посебна важност има учеството на делегација на Државната комисија на Третата годишна конференција и генерален состанок на IAACA (Меѓународна асоцијација на антикорупциските власти) во Киев, Украина на тема “Криминализација и спроведување на законот”. Организатор на конференцијата беше Јавното обвинителство на Украина во соработка со Организациониот комитет на IAACA. Во текот на 2008 година, оваа конференција претставуваше најзначаен настан на светско ниво од областа на борбата против корупцијата. На конференцијата, што ја отвори претседателот на Украина, г. Виктор Јушченко, учествуваа претставници од 107 земји членки на Обединетите Нации и 13 меѓународни организации. Особено признание за Државната комисија претставуваше поканата од страна на организаторите, претседателот на Државната комисија, г-ѓа Димовска да одржи говор на тема “Соработка меѓу истражните органи, обвинителството, судството и другите антикорупциски тела”. На конференцијата беше усвоена Декларација, во која меѓу другото се истакнува значењето на Конвенцијата на Обединетите Нации за борба против корупцијата, како и потребата од развивање и имплементирање превентивни механизми за борба против корупцијата. Во Декларацијта се повикуваат земјите потписнички на Конвенцијата на ОН за антикорупција, забрзано да пристапат кон имплементација на одредбите што се однесуваат на криминализација на корупцијата, да развиваат ефикасни мерки и механизми за спречување на судирот на интереси и како особено значајна компонента, да се зајакне соработката меѓу надлежните тела за борба против корупцијата на национално и на меѓународно ниво.

Исто така, Државната комисија во 2008 година ја прошири својата соработка со сродни иституции на Црна Гора со тоа што оствари средба со Управата за антикорупциска иницијатива и со Комисијата за утврдување судир на интереси, по што во месец јули потпиша Меморандум за соработка со Управата за антикорупциска иницијатива. Во 2008 година како одраз на Меморандумот за соработка потпишан предходната година со Комисијата за утврдување судир на интереси, претставници на Државната комисија беа поканети во својство на предавачи на неколку едукативни семинари за јавните функционери во Црна Гора на темата судир на интереси.

Државната комисија учествуваше и на Регионалната конференција за европска интеграција, која се одржа во Загреб во организација на Министерството за надворешни работи и европска интеграција на Хрватска и ГТЗ. Посебен придонес претставниците на ДКСК дадоа во изработката на завршните документи на конференцијата.

ДКСК беше домаќин на делегација на Агенцијата за борба против корупцијата на Косово. Со оглед дека се работи за нова институција надлежна за борба против корупцијата во Косово, делегацијата предводена од директорот на Агенцијата, се интересираше за статусот, надлежностите и постапувањето на Државната комисија како пример што може да биде користен.

Евидентно е учеството на претставник на Државната комисија на Интернационалната конференција на тема “Хармонизирање на борбата против измамата и корупцијата во Европа”, одржана во Келн, Германија, а на која беше презентирана легислативната и институционална рамка на Македонија за борба против корупцијата. Исто така, Државната комисија беше претставена и на Седмиот генерален состанок на Антикорупциската

мрежа за источна Европа и централна Азија во организација на ОЕЦД, која се одржа во Тбилиси Грузија. Темите опфатени на овој состанок се однесуваа на меѓународните напори за борба против корупцијата, улогата на бизнис секторот и како посебна тематска сесија судирот на интереси и анкетните листови за имотната состојба на службените лица.

Претставници на Државната комисија со своја презентација учествуваа на втората конференција на земјите вклучени во антикорупциската мрежа ANCORAGE-NET што се одржа во Лисабон, на темата "Јакнење на антикорупциските агенции: Институционални закани и зајакнување на превентивните и репресивните капацитети".

За одбележување е и учеството на интернационалниот семинар за превенција на криминалот на тема „Ефективни правни и практични мерки за борба против корупцијата – кривично правен аспект". Овој семинар поддржан од страна на JICA (Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија) се одржа во центарот на UNAFEI во Токио од 14 јануари – 15 февруари 2008 година. Во текстот со кој беше претставена антикорупциската агенда на Република Македонија беа опфатени законските норми со кои се регулира превентивниот и кривично правниот аспект за борба против корупцијата, институционалната поставеност како и имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите Нации за борба против корупцијата. Посебен осврт беше даден на позицијата и улогата на Државната комисија како независно тело за борба против корупцијата. Текстот беше оценет како исклучително значаен изворен документ и како таков се најде во Годишниот извештај на UNAFEI за 2008 година.

### 7.5 Соработка со меѓународни организации и институции во Македонија

Државната комисија во извештајниот период ја продолжи воспоставената соработка со USAID Светско учење и со УНДП со тоа што беше потпишан Анекс на Меморандумот за соработка со кој што Американската агенција за меѓународен развој ја потврди поддршката на проектите што Државната комисија ги развива и спроведува. Имено, со оваа поддршка беше донесена Државната програма за спречување и намалување на судирот на интереси со Акционен план, како и изготвен Водичот за управување со судирот на интереси, обуките за судир на интереси за правосудните органи, развивањето Стратешки план за унапредување на односите со јавноста и др. Соработката продолжува и во 2009 година.

Исто така со УНДП беше продолжена и унапредена соработката во рамките на проектот "Борба против корупцијата за подобро управување". Претставници од Државната комисија учествуваа во финализирањето на индикаторите за оценка на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на органите на локалната самоуправа. Проектот беше спроведен во четири пилот општини, а по неговата евалуација во текот на 2009 година УНДП со поддршка на Државната комисија ќе го спроведе и во останатите рурални единици на локалната самоуправа. Во рамките на овој проект претставници од Секретаријатот на Државната комисија учествуваа на обуки за постапките и административните процедури од областа на урбанизмот и

комуналните дејности. Успешната соработка ќе продолжи и во текот на 2009 година преку развивање на иновативни антикорупциски проекти.

### 7.6 СЕДНИЦИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во 2008 година ДКСК одржа 82 седници на кои се разгледуваа прашањата од нејзина надлежност, работата по предмети и се донесуваа сите нејзини ставови, заклучоци и одлуки. Треба да се спомене фактот дека ДКСК сите свои одлуки ги носи со консензус.

За известување на јавноста ДКСК одржа 20 прес конференции на кои вообичаено ги нуди во писмена форма сите информации што смета дека треба да бидат соопштени на јавноста и дава одговори на сите поставени прашања од страна на претставниците на медиумите. ДКСК има подготвено и понудено за објавување 20 соопштенија, а нејзиниот претседател и членовите имаат дадено повеќе интервјуа за пишани и електронски медиуми.

ДКСК во 2008 година посебно внимание обрна на јакнењето на односите со јавноста и на потребата до граѓаните да допрат и оние информации што не се селектирани за објавување од страна на медиумите. За таа цел редовно ја ажурира својата ВЕБ страница објавувајќи ги сите документи или информации што се однесуваат на јакнењето на нејзиниот институционален капацитет. Кон крајот на годината е зголемен проактивниот однос со тоа што ваквите информации се нудат директно на електронските адреси на повеќе домашни и заинтересирани странски институции, а со цел развивање и јакнење на односите со јавноста ДКСК усвои Насоки за развој на стратешки план за унапредување на односите со јавноста.

## 8. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Како имател на информации од јавен карактер Државната комисија за спречување на корупцијата со висок степен на одговорност за остварување на правото на граѓаните на слободен пристап до информациите со кои располага ѝ пристапи и на обврската што произлегува од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер донесен во 2006 година.

1. Во текот на 2008 година Државната комисија од вкупно 5 поднесени писмени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, позитивно е одговорено на вкупно 4 барања, а по 1 барање, барателот е известен со писмено известување, согласно член 26 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер дека барањето се однесува на информација со која имателот на информации не располага.

2. Од вкупно 5 поднесени писмени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер нема одбиено барање.

3. Во врска со поднесените писмени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно Законот за слободен пристап до

информации од јавен карактер („Службен весник на РМ” бр.13/2006 година), барателите немаат поднесено жалба.

4. Против конечна одлука на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер или во случај на молк на имателот на информации не е поведен управен спор.

5. Нема судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена.

## 9. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

1. Во 2008 година Државната комисија за спречување на корупцијата оствари интензивна активност и висок степен на реализациајата на своите законски надлежности.

2. Реализирањето на обврските што произлегуваат за Република Македонија од Главните приоритети од Партнерството за пристапување на Република Македонија во Европската унија, во извештајната година ја потврдија позитивната активна улога на Државната комисија на директен чинител и на компетентна институција чии препораки треба да се следат.

3. Остварен е напредок во спроведувањето на антикорупциските политики и мерки во земјата, но останува изразеното влијание на факторите што и погодуваат какви што се високиот степен на политизација, партизација, бавното воспоставување на владеење на правото и на доброто управување.

4. Високото ниво на доверба на граѓаните кон Државната комисија за спречување на корупцијата ја зајакнува нејзината кредибилна улога на координатор и лидер на органите и институциите во Република Македонија надлежни за спроведување на антикорупциските политики и мерки.

5. Потребата за ефективни, одржливи и долгорочни резултати во борбата против корупцијата во Република Македонија за Државната комисија за спречување на корупцијата е постојан предизвик.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

ПРИЛОГ бр. 1
ТАБЕЛА бр. 1

# И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ
(јануари 2008 - декември 2008)

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО | 767 | АНКЕТНИ ЛИСТОВИ | |
| ПОСТАПУВАНО ПО ПРЕДМЕТИ ВКУПНО | 728 | ПРИМЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ | 357 |
| РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ | 567 | ИЗВЕСТУВАЊА ЗА ИЗМЕНА | 247 |
| | | ПОДНЕСЕНИ ПРКРШОЧНИ ПРИЈАВИ | 33 |
| ИНИЦИЈАТИВИ | 31 | ДОБИЕНО РЕШЕНИЕ | 39 |
| * за кривично (казнено) гонење | 27 | СУДИР НА ИНТЕРЕСИ | |
| * за утврдување на одговорност | 4 | ОФОРМЕНИ ПРЕДМЕТИ | 44 |
| ПОДНЕСЕНИ ПРЕКРШОЧНИ ПРИЈАВИ | 2 | * Утврден судир на интереси | 9 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 29 | * Не е утврден судир на интереси | 20 |
| ПО ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА КОНСТАТИРАНО ДЕКА НЕМА ЕЛЕМЕНТИ ЗА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 266 | ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ | |
| | | ОФОРМЕНИ ПРЕДМЕТИ | 117 |
| КОНСТАТИРАНА НЕНАДЛЕЖНОСТ | 231 | * Мислења | 44 |
| ПОКРЕНАТА ПОСТАПКА ЗА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | 6 | * Укажувања | 70 |
| * Управа за јавни приходи | 4 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 368 |
| * Државен завод за ревизија | 1 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ | 281 |
| * Министерство за финансии | 1 | | |

СКОПЈЕ ЈАНУАРИ 2009 ГОДИНА

ПРИЛОГ бр.1
ТАБЕЛА бр.2

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПОСТАПУВАЊА ПО ОБЛАСТИ
(јануари 2008 - декември 2008)

| О Б Л А С Т | РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ |
|---|---|---|---|
| ДРЖАВНИ ОРГАНИ и ЕЛС | 211 | 171 | 134 |
| ПРАВОСУДСТВО | 174 | 38 | 31 |
| ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И УСТАНОВИ | 65 | 46 | 39 |
| ПРИВАТИЗАЦИЈА | 16 | 22 | 20 |
| СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА | 26 | 36 | 32 |
| РАБОТЕЊЕ НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА | 47 | 39 | 16 |
| РАЗНИ УКАЖУВАЊА | 28 | 16 | 9 |

ПОСТАПУВАЊА ПО ПРЕДМЕТИ

ПРИЛОГ бр. 1
ТАБЕЛА бр.3

# АНКЕТНИ ЛИСТОВИ
(јануари 2008 - декември 2008)

| ПРИМЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ ОД ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА 357 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ИЗВЕСТУВАЊА ЗА ИЗМЕНА НА ФУНКЦИЈА | 40 | ПОКРЕНАТА ПОСТАПКА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА | | | |
| ИЗВЕСТУВАЊА ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР | 10 | ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА | 19 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ | 0 |
| АНКЕТЕН ЛИСТ ПО ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈА | 204 | | | | |
| ИЗВЕСТУВАЊА ЗА ИЗМЕНИ НА ИМОТНА СОСТОЈБА | 197 | | | | |

| ПОКРЕНАТА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА ПРОТИВ ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ШТО НЕ ПОДНЕЛЕ АНКЕТЕН ЛИСТ 33 | | | |
|---|---|---|---|
| ДОБИЕН ОДГОВОР ПО ПОДНЕСЕНИ ПРК ВО 2005 ГОДИНА | | ДОБИЕН ОДГОВОР ПО ПОДНЕСЕНИ ПРК ВО 2006 ГОДИНА | |
| ПРЕСУДИ (изречени парични казни) | 1 | ПРЕСУДИ (изречени парични казни) | 3 |
| РЕШЕНИЕ (ПРК опомена) | 0 | РЕШЕНИЕ (ПРК опомена) | 3 |
| РЕШЕНИЕ (се запира и отфрла) | 4 | РЕШЕНИЕ (се запира и отфрла) | 6 |
| *вложена жалба | 1 | *вложена жалба | |
| ДОБИЕН ОДГОВОР ПО ПОДНЕСЕНИ ПРК ВО 2007 ГОДИНА | | ДОБИЕН ОДГОВОР ПО ПОДНЕСЕНИ ПРК ВО 2008 ГОДИНА | |
| ПРЕСУДИ (изречени парични казни) | 14 | ПРЕСУДИ (изречени парични казни) | 1 |
| РЕШЕНИЕ (ПРК опомена) | 4 | РЕШЕНИЕ (ПРК опомена) | |
| РЕШЕНИЕ (се запира и отфрла) | 3 | РЕШЕНИЕ (се запира и отфрла) | |
| *вложена жалба | 1 | *вложена жалба | |